Македонија

# ЗНМ: Полиција или цензори – скандалозно избришан видео запис на ТВ21!

Автор: **Деск** 08/12/2022 14:57




На денешните протести во Скопје поврзани со блокадите на приватните превозници, полицијата грубо го прекрши правото на новинарите да снимаат и известуваат. Според сведочењето на колешката Фазиле Халили од тв21 таа со својот мобилен телефон снимала дел од протестот каде полицајците влечеле една жена. Во тој момент еден од полицајците во униформа и пришол и и рекол дека не смее да прави видео запис. Со заканувачки тон и рекол веднаш да ја избрише снимката.

“**Бриши ги снимките бидејќи немаш право да снимаш**” рекол полицаецот, на што колешката му рекла дека е новинарка и дека не само што има право туку е и нејзина должност да ја информира јавноста.

Но, полицаецот и рекол веднаш, тука пред него, да ја избрише снимката од сите албуми во телефонот, сакајќи да биде сигурен дека нема траги на ништо што е снимено.

Вршење притисок за бришење и бришење на видео и фото материјали од страна на полицијата преставува директно прекршување на членот 16 од Уставот со кој се забранува цензурата и се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Со ваквото однесување полицијата ги спречува новинарите да известуваат за настанот и се става во улога на цензор кој решава што смее а што не смее да види македонската јавност.




Протестите секогаш се настани од јавен интерес и јавноста има право да знае што се случува за време на протестите, дали има повредени, дали има уништување на јавен и приватен имот, но и дали евентуално полицијата ги пречекорила овластувањата и употребила прекумерна сила.

Инцидентот ќе биде пријавен во Секторот за внатрешна контрола на МВР и ЗНМ очекува полиција да го расветли случајот, да ги открие одговорните и соодветно да ги казни, за да во иднина не се повтори ваквото неприфатливо однесување на полицијата.



За овој настан, ТВ21 одговор побара и од Министерството за внатрешни работи:

„Во врска со вашите прашања ве известуваме дека денеска (08.12.2022) во 11.00 часот на бул.„Илинден" во близина на хотел на подрачјето на Центар, Скопје, за време на прес конференција во врска со најавен протест, од полициски службеници од СВР Скопје е приведена П.Ц.(62) од Скопје, која го нарушила јавниот ред и мир, со агресивно однесување кон присутните и кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На местото на настанот забележано е женско лице, кое немало обележје на новинар, ниту покажало пресс легитимација, како снима со мобилен телефон, за што од полициските службеници ѝ е укажано дека снимките од полициски службеници кои вршат службени дејства не смее да ги објавува на социјалните мрежи, по што лицето било легитимирано“, велат од МВР.